ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-315/2**

**Дата:28.02.2012**

**ДО**
**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба за 2010 година.

Во текот на ревизијата беше разгледано спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2007 година, во кој, за оваа сметка на Општината е издадено мислење без резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи. Утврдено е дека дадените препораки се спроведени.

За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи за 2010 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е мислење без резерва.

Работите на утврдување и наплата на локалните даноци, надоместоци и комунални такси кои се приходи на Градот Скопје и Општина Гази Баба, согласно Законот за Градот Скопје, ги врши даночната администрација на Градот Скопје.

Утврдувањето на пазарната вредност на недвижниот имот, како основица за пресметување на данокот на имот, согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот е во надлежност на Градот, а Општината има можност за увид во податоците за даночните обврзници на нејзината територија и можност за следење на опфатот на регистрираните обврзници и висината на обврската, преку регистрите на Градот Скопје.

Со оглед на фактот дека овие приходи претставуваат значителен дел од вкупните приходи на Општината (26%) и влијаат на квалитетот и обемот на нејзините активности, Општина Гази Баба е активно вклучена во ажурирањето на податоците за даночните обврзници, особено од аспект на нивниот опфат, при што учествува во откривањето на неевидентираните даночни обврзници и во утврдувањето на пазарната вредноста на недвижниот имот, како и при доставувањето на даночните решенија.

Во однос на утврдувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште, активностите на Општината се во делот на уредувањето на начинот на плаќање на надоместокот, додека во однос на висината на надоместокот која ја утврдува Градот, Општината нема учество.

На Нацрт извештајот не се доставени забелешки од страна на законскиот застапник на субјектот.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 8 и 9 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2010 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба за 2007 година. Изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба под 31 декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум и за усогласеноста со закони и прописи во извештајот е без резерва.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Тони Трајковски - Градоначалник на Општина Гази Баба во 2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и

изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 14.11.2011 до 30.11.2011 година, кај Општина Гази Баба на сметката на основен буџет (630) од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точката 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година. Во Прилог 1 (прилог кон овој извештај), дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2007 година.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија.

Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 29- 92/1 од 16.01.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2010 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Општина Гази Баба во Буџетот за 2010 година има планирано приходи и расходи во износ од 247,006 илјади денари. Реализираните приходи се под планираниот износ за 18%, а расходите за 29%.
Согласно членот 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, доколку во текот на фискалната година приходите и расходите не се

остваруваат во планираниот обем, градоначалникот на општината му предлага на Советот измени и дополнувања на буџетот. Значителното отстапување на остварените приходи во однос на планираните произлегува од големото отстапување на приходите од надоместокот за уредување на градежното земјиште (остварени се со 50%) и капиталните трансфери остварени само со 12%.
Со ребалансот на буџетот во 2010 година не е извршено усогласување на остварените буџетски приходи и расходи со планираните, што придонесува за нарушување на принципот на добро менаџерско управување.

**Препорака:**
Одделението за финансиски прашања:
- планирањето на буџетските приходи и расходи да го темели на реалните состојби и можности и податоците за остварувањата во претходните години;
- во текот на годината да го следи извршувањето на буџетот. Во случај на позначителни отстапувања, градоначалникот да му предложи на Советот измени и дополнувања на буџетот (ребаланс), а советот на Општината да донесе ребаланс на Буџетот.

4.1.2. Градоначалникот на Општина Гази Баба нема подготвено предлог план на програми за развој кој треба да го достави на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври во тековната година, што не е во согласност со членот 21-б од Законот за буџетите. Буџетот на Општина Гази Баба за 2010 година во својот состав нема развоен дел, што произлегува од членот 23 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.
Буџетот на Општина Гази Баба за 2011 година има утврдено развоен дел, поради што не се дава препорака по овој наод.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба на ден 31 декември 2010 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (630) на Општина Гази Баба,

во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

**6.Нагласување на прашања за неизвесност**

Обрнуваме внимание дека Општина Гази Баба е тужена страна во судски спорови со повеќе правни и физички лица (19-според добиените податоци од Општината), додека Општината се јавува како тужител само во два случаи, за раскинување на договор и физичка делба.
Вкупната вредност на утужените предмети не е можно да се утврди бидејќи во шест случаи не е искажана проценета вредност на спорот. Судските постапки се водат по основ на надомест на штета за возила, камати за ненавремено плаќање на долг, надомест за земјиште одземено пред околу 30 години, надомест за рушење, работни спорови. Крајниот исход на судските спорови кои се водат против Општината е неизвесен, а според оценката на одговорните лица најизвесно е дека Општината ќе ги изгуби споровите по основ на ненавремени плаќања, што може да има влијание на солвентноста и ликвидноста на Општината.

Во моментов, конечниот исход по ова прашање не може да се утврди и не е направено резервирање за било каква обврска која може да произлезе во финансиските извештаи.

Скопје, 23.02.2012 година

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 143.777 | 86.625 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 5.159 | 2.924 |
| Капитални приходи | 3.3. | 4.640 | 3.014 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 49.446 | 74.938 |
| **Вкупно приходи** | | **203.022** | **167.501** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 35.405 | 34.805 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.5.2. | 117 | 475 |
| Стоки и услуги | 3.5.3. | 67.378 | 53.996 |
| Субвенции и трансфери | 3.5.4. | 3.203 | 2.466 |
| Социјални бенефиции | 3.5.5. | 2.278 | 1.639 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **108.381** | **93.381** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 67.115 | 49.559 |
| **Вкупно расходи** | | **175.496** | **142.940** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **27.526** | **24.561** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 27.894 | 24.929 |
| Побарувања | 4.1.2. | 201.065 | 93.233 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 20.703 | 20.703 |
| **Вкупно тековни средства** | | **249.662** | **138.865** |
| **Вкупна актива** | | **249.662** | **138.865** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.2.1. | 20.700 | 20.700 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 228.591 | 117.794 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **249.291** | **138.494** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.3.1. | **371** | **371** |
| **Вкупна пасива** | | **249.662** | **138.865** |